# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА
# ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 03.04.2025

## Неделни податоци

Во периодот од 28.03-03.04.2025 година, пријавен е еден нов случај на голема кашлица, за еден повеќе од претходниот седмодневен период кога не беше пријавен ниту еден нов случај. Случајот е од Куманово, од возрасната група од 10-14 години и невакциниран со вакцина која содржи компонента на пертусис. Случајот не е хоспитализиран.

## Кумулативни податоци

- Во периодот 2024/25 година, заклучно со 03.04.2025, на територијата на Р.С. Македонија, регистрирани се вкупно 1.186 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 64,6/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,2%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- Сè уште, во тек е епидемијата на територијата на град Скопје.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (137,2/100.000) и во Куманово (103,3/100.000).
- Најголем број од заболените припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (36,9%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.578,5/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.186), 750 случаи (односно 63,2%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=303), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно се хоспитализирани 193 случаи, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=170, 88,1%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.186 случаи, лабораториски се потврдени 1.183.
- Од 18.01.2024 – 23.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 96.114 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**

**04.04.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**